# И З В Е Ш Т А Ј

**за спроведување на Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година**

Советот на Општина Крива Паланка на ден 28.05.2021 година донесе Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година (бр. 19-1490/25 од 28.05.2021 година).

Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за спроведување на превентивна дезинсекција и на истата по спроведената постапка за извршување на активностите опфатени со Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година година избрано е правното лице Друштво за авиоуслуги „БОНИЕР“ Куманово (број на договор 19-1323/7 од 03.06.2021 година).

Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година опфаќаше вршење на дезинсекција два пати годишно во периодите Мај – Јуни и Јуни – Август 2021 година.

Дезинсекцијата е извршена во два наврати со авионска апликација во деновите 23.06.2021 и 14.07.2021 година. За спроведување на оваа активност од буџетот на општина Крива Паланка на правното лице „Бониер“ му се исплатени 323.825 денари согласно договорот.

Во врска со спроведување на дератизација согласно Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2021 година, ЈП „Комуналец“ Крива Паланка има спроведено јавна набавка и се спроведени 2 акции за дезинсекција и дератизација во деновите 08.07.2021 година и 15.12.2021 година.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита
на животна средина и комунална инфраструктура

Раководител,
Маја Костадиновска